**УНИ Банка**
Универзална Инвестициона Банка

Врз основа на член 86 од Законот за банки и член 41 од Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД, Собранието на Банката на ден 11.01.2019 година, донесе:

# О Д Л У К А

**за именување на член на Надзорен одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје**

1.За член на Надзорен одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје се назначува:

- Г-дин Константин Илијчов Арнаудов од Софија, со ЕМБГ 7711256564, државјанин на Република Бугарија, дипломиран економист со професионална класификација - Магистар по маркетинг, со банкарско работно искуство од 14 години, во моментот на работна позиција Директор Корпоративно банкарство во Прва Инвестициона Банка АД Софија.

2. Новоименуваниот член се именува со мандат од 4 (четири) години, сметано од денот на добивање на предходна согласност од Народна Банка на РМ.

3. Именуваниот член на Надзорен одбор има права и обврски согласно Законот за банки, Статутот и другите акти на Банката.

4. Се овластува Управниот одбор на Банката да ги превземе сите потребни правни дејствија во Народна Банка на РМ и Централниот регистар на РМ, како и по потреба да врши дополнување и измена на оваа одлука.

5.Одлуката да се достави до Народна Банка на РМ, заради добивање на предходна согласност за член на Надзорен одбор на Банката, до именуваното лице и архива на Банката.

6. Одлуката стапува на сила со денот на добивање на предходна согласност за член на Надзорен одбор на Банката, од Гувернерот на Народна Банка на РМ.

## О б р а з л о ж е н и е

До Собранието на акционери беше доставен предлог од акционерите Г-дин Ивајло Мутафчиев и Г-дин Цеко Минев, за член на Надзорен одбор на Банката да биде избран Г-дин Константин Илијчов Арнаудов од Софија, со ЕМБГ 7711256564, државјанин на Република Бугарија, дипломиран економист со професионална класификација - Магистар по маркетинг.

Г-дин Константин Илијчов Арнаудов, во моментот е на работна позиција Директор Корпоративно банкарство во Прва Инвестициона Банка АД Софија.

Собранието на акционери на Банката констатира дека предложениот член во целост ги исполнува законските услови за член на Надзорен одбор на Банката. Г-дин Константин Илијчов Арнаудов поседува големо банкарско искуство, ја познава законската регулатива од областа на банкарството и Собранието на акционери смета дека со своите знаења и искуства именуваното лице успешно ќе ја извршува функцијата член на Надзорен одбор на УНИБанка АД Скопје, поради што ја донесе оваа одлука како во изреката.

наш број:0201/6-4
11.01.2019 година

СОБРАНИЕ
ПРЕТСЕДАВАЧ